адреса: ул. Бул. Илинден бр. 107/13
Скопје. Р.Македонија
тел./факс: 02 3083575
e-mail: bildurban@gmail.com
жиро сметка: 210-0702349901-85
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје
даночен број: МК4057015528431
матичен број: 7023499

Друштво за трговија и услуги
„БИЛД УРБАН“ДООЕЛ Скопје

ПРЕДМЕТ: ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 07 – КАПИШТЕЦ, ЗАВОД ЗА МЕДИЦИНСКА РЕХАБИЛИТАЦИЈА, СТАРО ВОДНО, ДОЛНО ВОДНО, МАЛО КУРИЛО И ЦВЕЌАРА, ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

ФАЗА: УРБАНИЗАМ (У)

ТЕХ БР: 0801-01/24

Bojan Mulichkovski

Digitally signed by Bojan Mulichkovski
DN: c=MK, ou=VAT - 4057015528431, 2.5.4.97=NTRMK-7023499, o=DTU BILD URBAN DOOEL Skopje, serialNumber=160518, title=Upravitel, sn=Mulichkovski, givenName=Bojan, cn=Bojan Mulichkovski
Date: 2024.06.03 14:39:20 +02'00'

Melanija Kalajdjiska

Digitally signed by Melanija Kalajdjiska
DN: c=MK, serialNumber=224536, sn=Kalajdjiska, givenName=Melanija, cn=Melanija Kalajdjiska
Date: 2024.06.03 14:40:02 +02'00'

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

СКОПЈЕ, јуни 2024г

МЕСТО:	ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
ДОНЕСУВАЧ НА ПЛАНОТ:	ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
ПРЕДМЕТ:	ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 07 – КАПИШТЕЦ, ЗАВОД ЗА МЕДИЦИНСКА РЕХАБИЛИТАЦИЈА, СТАРО ВОДНО, ДОЛНО ВОДНО, МАЛО КУРИЛО И ЦВЕЌАРА, ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
ИЗРАБОТКА	**„**БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ СКОПЈЕ Булевар „Илинден“ 107/13 ЦЕНТАР, Скопје тел/факс 02 3083575
РАБОТЕН ТИМ:	Бојан Муличковски, д.и.а. овластување бр.0.0070 планер потписник Меланија Калајџиска, д.и.а. овластување бр.0.0617 планер
УПРАВИТЕЛ:	Бојан Муличковски
ФАЗА:	ПЛАНСКА ПРОГРАМА
ТЕХНИЧКИ БРОЈ:	0801-01/24
ИЗРАБОТЕНО:	јуни 2024г

Содржина:

1. Општ дел

1. Регистрација
2. Лиценци и овластување на носителот на планската документација
3. Налог за работа од Општина Центар, Сектор за урбанизам

2.Планска програма

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:
Вовед 8
I Текстуален дел 9
1. Подрачје на планскиот опфат 10
2. Специфични потреби и можности за просторен развој на подрачјето во рамки на опфатот 15
3. Општи и посебни цели на планирањето и програмските содржини што треба да бидат предмет на планирањето. 20
1.1 Општи цели 20
1.2 Посебни цели 20
1.3 Програмски содржини 21
4. Основа за изработување на деталниот урбанистички план 12
5. Важечка планска документација ..... **Error! Bookmark not defined.**
II Графички дел ..... **Error! Bookmark not defined.**

1. Извод од ГУП на Град Скопје (2012 – 2022).....М = 1:5000
2. Изводи од соседни важечки детални урбнистички планови
   2а. Извод од Детален Урбанистички План за Градска Четврт Ј06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар, Одлука број 08-5980/6 од 10.12.2019г.....М = 1:1000;
   2б. Извод од Изменување и дополнување на детален урбанистички план "Тасино Чешмиче 1" Општина Центар, Одлука број 07-4414/6 од 18.07.2014г.....М = 1:1000;
   2в. Извод од Детален урбанистички план Градска четврт Капиштец локалитет "Клинички блок", Општина Центар, Одлука број 07-6530/10 од 13.09.2012г.....М = 1:1000;
   2г. Извод од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет "Буњаковец 1" УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, Општина Центар, Одлука број 07-3625/14 од 10.05.2012г.....М = 1:1000;
   2д. Извод од Детален Урбанистички План Градска Четврт Ц 06, стара железничка станица, Општина Центар - Скопје, Одлука број 8-3381/8 од 20.07.2023.....М = 1:1000;
   2ѓ. Извод од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар, Одлука број 8-3381/8 од 20.07.2023.....М = 1:1000;
3. Збирен графички прилог од важечки урбанистичко плански документации.....М = 1:1000
4. Ажурирана геодетска подлога.....М = 1:1000

Број: 0805-50/150120230030766

Датум и време: 17.11.2023 г. 12:34

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	7023499
Целосен назив:	Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ
Кратко име:	БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ
Седиште:	БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.107/17 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	10.3.2015 г.
Времетраење:	Неограничено
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4057015528431
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	307.500,00
Непаричен влог MKD:	0,00
Уплатен дел MKD:	307.500,00
Вкупно основна главнина MKD:	307.500,00

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ
Адреса:	БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.87-18 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	307.500,00
Непаричен влог MKD:	0,00

Уплатен дел MKD:	307.500,00
Вкупен влог MKD:	307.500,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	

ОВЛАСТУВАЊА

Овластени лица

Име и презиме:	БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ
Адреса:	БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.87-18 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР
Овластувања:	ССС - Управител
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Овластено лице

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	bildurban@gmail.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:

Овластено лице:

Број: 0809-50/150120230030772

Датум и време: 17.11.2023 г. 12:36

П О Т В Р Д А

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	7023499
Назив:	Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ
Седиште:	БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.107/17 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:

Овластено лице:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

Врз основа на член 68 став (2) од Законот за урбанистичко планирање, Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје

БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.107/17 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ

ЕМБС: 7023499

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

Лиценцата се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека правното лице ги исполнува условите за издавање на лиценцата пропишани со овој закон.

Број: 0090
30.07.2022 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Благој Бочварски

адреса: ул. Бул. Илинден бр. 107/13
Скопје. Р.Македонија
тел./факс: 02 3083575
e-mail: bildurban@gmail.com
жиро сметка: 210-0702349901-85
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје
даночен број: МК4057015528431
матичен број: 7023499

Друштво за трговија и услуги
„БИЛД УРБАН“ДООЕЛ Скопје

Врз основа на Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20, 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23), а во врска со изработка на планска програма за изработка на **Детален урбанистички план Градска Четврт Ј 07 – Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје,** БИЛД УРБАН д.о.о.е.л од Скопје го издава следното

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ

За изработка на планска програма за изработка на Детален урбанистички план Градска Четврт Ј 07 – Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје, со технички број 0801-01/24, како планери се назначуваат:

- Бојан Муличковски, д.и.а. овластување бр.0.0070-планер потписник
- Меланија Калајџиска, д.и.а. овластување бр.0.0617-планер

Планерите се должни планската програма да ја изработат согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20, 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

УПРАВИТЕЛ:

БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0070**

Издадено на: 17.11.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

МЕЛАНИЈА КАЛАЏИСКА

дипломиран инженер архитект (NQF VII/1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: 0.0617

Издадено на: 17.12.2023 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристинка Чулак
дипл. инж. арх.

ПЛАНСКА ПРОГРАМА
ЗА ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 07, ОПШТИНА ЦЕНТАР, СКОПЈЕ

Вовед

Планската програма е изработена согласно Член 44 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20, 111/23), а се однесува за изработка на Детален урбанистички план Градска Четврт Ј 07 – Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје. Планската програма ја изработува овластено правно лице, согласно одредбите од Член 70, пропишани во Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20, 111/23).

Согласно допис од Општина Центар бр. 27-4501/8 од 30.10.2023г, Уставен суд на Република Северна Македонија има донесено Одлука У.бр.80/2021 на 25.01.2023г за укинување на Одлуката на Советот на Општина Центар - Скопје за донесување на Детален урбанистички план Градска четврт Ј 07 - локалитети Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара со број 07-4414/4 од 18.07.2014 година, објавена во „Службен гласник на Општина Центар - Скопје" број 9/2014, поради што за локалитетот нема важечки детален урбанистички план.

Во согласност со законските одредби, а по Договор со Општина Центар, БИЛД УРБАН д.о.о.е.л. Скопје пристапи кон изработка на Планска програма за изработка на Детален урбанистички план Градска Четврт Ј 07 – Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје.

Планската програма треба да овозможи изработка на **Детален урбанистички план Градска Четврт Ј 07 – Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје**, со која ќе се уреди намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на градби во рамките на опфатот.

Планскиот период на деталниот урбанистички план се предвидува да го опфати периодот од 2024 до 2029 година.

I Текстуален дел

1. Подрачје на планскиот опфат

Просторот дефиниран за изработка на **Детален урбанистички план Градска Четврт Ј 07 – Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје**, со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Центар, Скопје. Локалитетот преставува дел од изградена структура и се наоѓа на ≈ 300м од централното градско јадро (Малиот ринг) во правец на југо-запад.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на Градската Четврт Ј07, како што е одредена со ГУП на Град Скопје (2012-2022) (Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012г). Истата се движи како што следи:

- Од север: по осовина на Булевар Македонија „В“ В.26-В.28 – профил според ГУП на Град Скопје (2012-2022);
- Од исток: по осовина на Булевар Мајка Тереза (ул. Водњанска) 28 – профил според ГУП на Град Скопје (2012-2022);
- Од југ: по осовина на Новопланирана собирна улица „Јужна обиколница - Водно“ и граница на плански на ГУП на Град Скопје (2012-2022);
- Од запад: по осовина на собирна ул. Брафордска, Новопланирана собирна улица „Јужна обиколница - Водно“ и граница на плански на ГУП на Град Скопје (2012-2022).

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на прекршните точки со редни броеви од 1 до 298, а за секоја точка табеларно се дадени следните параметрите по Y и X координати:

N	Y	X
1	7535361.495	4649755.333
2	7535412.339	4649799.384
3	7535515.546	4649862.817
4	7535527.815	4649871.018
5	7535538.899	4649874.526
6	7535547.342	4649939.424
7	7535549.34	4649947.042
8	7535518.32	4649965.5
9	7535463.741	4649992.12
10	7535417.845	4650010.711
11	7535348.661	4650036.718
12	7535261.212	4650066.179
13	7535211.481	4650083.42
14	7535176.568	4650092.319
15	7535112.646	4650106.911
16	7535073.038	4650115.257
17	7534543.534	4650210.544
18	7534517.046	4650067.268
19	7534508.399	4650022.258
20	7534393.311	4650034.834
21	7534387.696	4649998.107
22	7534360.685	4650011.596
23	7534332.814	4650017.96
24	7534311.115	4650020.744
25	7534290.715	4650016.041
26	7534263.242	4650003.512
27	7534234.178	4649980.443
28	7534225.418	4649970.698
29	7534203.557	4649942.926
30	7534177.677	4649911.901
31	7534148.613	4649884.258
32	7534125.184	4649861.703
33	7534100.101	4649838.633
34	7534091.748	4649826.522
35	7534086.573	4649812.402
36	7534082.591	4649794.106
37	7534083.72	4649784.809
38	7534077.613	4649775.401
39	7534072.17	4649771.82
40	7534065.986	4649760.988
41	7534061.652	4649751.145
42	7534062.043	4649743.174
43	7534059.774	4649729.635
44	7534055.429	4649717.172
45	7534057.035	4649711.501
46	7534058.092	4649696.331
47	7534057.521	4649684.753
48	7534054.321	4649678.944
49	7534048.523	4649672.191
50	7534047.798	4649663.409
51	7534048.694	4649650.49
52	7534050.531	4649633.846
53	7534052.161	4649617.928
54	7534051.595	4649609.661
55	7534051.691	4649600.888
56	7534052.272	4649592.639
57	7534052.175	4649585.777
58	7534055.463	4649571.677
59	7534061.124	4649551.5
60	7534062.419	4649533.92
61	7534063.538	4649517.774
62	7534064.547	4649507.278
63	7534065.754	4649503.161
64	7534067.032	4649499.862
65	7534070.522	4649492.54
66	7534073.885	4649486.954
67	7534082.688	4649476.638
68	7534089.406	4649464.98

69	7534091.418	4649458.788
70	7534093.503	4649454.951
71	7534100.359	4649443.525
72	7534101.417	4649440.18
73	7534102.445	4649436.929
74	7534104.294	4649430.826
75	7534107.792	4649425.239
76	7534109.372	4649420.167
77	7534109.137	4649415.244
78	7534108.633	4649411.631
79	7534127.165	4649381.996
80	7534174.543	4649265.1
81	7534180.06	4649257.086
82	7534184.091	4649252.417
83	7534189.564	4649247.612
84	7534201.229	4649242.144
85	7534207.43	4649240.337
86	7534214.063	4649238.925
87	7534221.091	4649237.866
88	7534228.473	4649237.119
89	7534236.151	4649236.645
90	7534249.892	4649235.881
91	7534273.783	4649233.454
92	7534280.541	4649232.342
93	7534327.985	4649223.224
94	7534342.968	4649220.572
95	7534355.21	4649223.028
96	7534362.691	4649228.17
97	7534367.938	4649237.317
98	7534371.1	4649245.298
99	7534376.373	4649244.342
100	7534375.162	4649239.328
101	7534366.624	4649201.227
102	7534354.524	4649165.551
103	7534343.335	4649139.348
104	7534328.076	4649091.002
105	7534322.13	4649052.202
106	7534328.245	4649037.388
107	7534339.201	4649001.731
108	7534360.941	4648915.801
109	7534361.333	4648912.237
110	7534360.004	4648901.172
111	7534352.194	4648885.047
112	7534324.505	4648844.064
113	7534321.622	4648842.455
114	7534287.95	4648827.059
115	7534254.546	4648812.993
116	7534238.688	4648806.446
117	7534209.517	4648793.781
118	7534261.134	4648747.957
119	7534264.83	4648748.146
120	7534269.553	4648748.321
121	7534274.318	4648748.394
122	7534279.074	4648748.324
123	7534283.773	4648748.074
124	7534288.366	4648747.602
125	7534292.819	4648746.884
126	7534297.158	4648745.947
127	7534301.422	4648744.834
128	7534305.651	4648743.588
129	7534309.884	4648742.25
130	7534314.163	4648740.863
131	7534318.526	4648739.468
132	7534323.013	4648738.109
133	7534327.649	4648736.824
134	7534332.395	4648735.634
135	7534337.196	4648734.558
136	7534341.999	4648733.616
137	7534346.748	4648732.824
138	7534351.389	4648732.203
139	7534355.868	4648731.769
140	7534360.13	4648731.543
141	7534364.139	4648731.536
142	7534367.93	4648731.742
143	7534371.555	4648732.147
144	7534375.069	4648732.739
145	7534378.523	4648733.504
146	7534381.971	4648734.431
147	7534385.466	4648735.505
148	7534389.061	4648736.715
149	7534392.796	4648738.041
150	7534396.658	4648739.448
151	7534403.29	4648741.861
152	7534408.764	4648743.715
153	7534412.889	4648745.01
154	7534417.017	4648746.172
155	7534421.124	4648747.155
156	7534425.199	4648747.927
157	7534429.287	4648748.487
158	7534433.452	4648748.84
159	7534437.752	4648748.996
160	7534442.25	4648748.962
161	7534447.005	4648748.744
162	7534452.079	4648748.35
163	7534457.533	4648747.788
164	7534463.409	4648747.068
165	7534469.674	4648746.206
166	7534476.276	4648745.222
167	7534483.162	4648744.136
168	7534490.282	4648742.967
169	7534497.583	4648741.736
170	7534505.014	4648740.461
171	7534512.521	4648739.161
172	7534520.228	4648737.74
173	7534528.95	4648735.625
174	7534539.675	4648732.128
175	7534553.393	4648726.561
176	7534571.092	4648718.234
177	7534593.763	4648706.459
178	7534622.393	4648690.547
179	7534657.973	4648669.81
180	7534679.785	4648662.64
181	7534695.216	4648660.34
182	7534707.408	4648660.096
183	7534716.883	4648661.548
184	7534724.169	4648664.333
185	7534729.79	4648668.091
186	7534734.271	4648672.46
187	7534738.137	4648677.08
188	7534741.829	4648681.647
189	7534745.445	4648686.088
190	7534749	4648690.391
191	7534752.508	4648694.543
192	7534755.984	4648698.528
193	7534759.443	4648702.334
194	7534762.898	4648705.948
195	7534766.363	4648709.354
196	7534769.847	4648712.549
197	7534773.328	4648715.565
198	7534776.78	4648718.442
199	7534780.174	4648721.222
200	7534783.483	4648723.945
201	7534786.679	4648726.653
202	7534789.736	4648729.385
203	7534792.625	4648732.184
204	7534795.335	4648735.082
205	7534797.927	4648738.085
206	7534800.474	4648741.189

207	7534803.054	4648744.391	238	7534931.212	4648873.844	269	7535077.366	4648890.951
208	7534805.741	4648747.688	239	7534934.479	4648877.022	270	7535081.36	4648889.227
209	7534808.612	4648751.078	240	7534937.53	4648879.971	271	7535085.33	4648887.644
210	7534811.743	4648754.558	241	7534940.304	4648882.639	272	7535089.291	4648886.253
211	7534815.208	4648758.125	242	7534944.39	4648886.553	273	7535093.254	4648885.101
212	7534819.062	4648761.778	243	7534948.111	4648890.074	274	7535097.232	4648884.239
213	7534823.27	4648765.533	244	7534950.991	4648891.68	275	7535101.238	4648883.715
214	7534827.774	4648769.404	245	7534954.082	4648892.67	276	7535105.284	4648883.578
215	7534832.518	4648773.411	246	7534956.802	4648893.422	277	7535109.383	4648883.876
216	7534837.445	4648777.568	247	7534960.341	4648894.348	278	7535113.547	4648884.658
217	7534842.497	4648781.893	248	7534964.824	4648895.508	279	7535117.79	4648885.973
218	7534847.618	4648786.403	249	7534970.136	4648896.854	280	7535122.094	4648887.883
219	7534852.75	4648791.114	250	7534976.105	4648898.312	281	7535126.327	4648890.498
220	7534857.843	4648796.031	251	7534982.556	4648899.809	282	7535130.329	4648893.942
221	7534862.873	4648801.107	252	7534989.316	4648901.271	283	7535133.939	4648898.34
222	7534867.824	4648806.284	253	7534996.212	4648902.623	284	7535139.373	4648905.546
223	7534872.677	4648811.503	254	7535003.072	4648903.791	285	7535143.749	4648910.487
224	7534877.415	4648816.705	255	7535009.72	4648904.702	286	7535146.25	4648920.229
225	7534882.022	4648821.832	256	7535016.019	4648905.297	287	7535144.686	4648926.633
226	7534886.479	4648826.823	257	7535021.968	4648905.575	288	7535141.879	4648960.814
227	7534890.77	4648831.621	258	7535027.599	4648905.551	289	7535148.758	4649016.689
228	7534894.884	4648836.182	259	7535032.945	4648905.241	290	7535141.257	4649057.718
229	7534898.841	4648840.519	260	7535038.041	4648904.66	291	7535108.208	4649124.046
230	7534902.665	4648844.661	261	7535042.918	4648903.822	292	7535056.412	4649249.406
231	7534906.383	4648848.637	262	7535047.611	4648902.742	293	7535046.415	4649281.056
232	7534910.021	4648852.475	263	7535052.152	4648901.436	294	7535041.235	4649374.722
233	7534913.603	4648856.203	264	7535056.571	4648899.923	295	7535048.147	4649411.814
234	7534917.157	4648859.85	265	7535060.886	4648898.25	296	7535051.017	4649419.573
235	7534920.707	4648863.446	266	7535065.109	4648896.465	297	7535060.688	4649448.989
236	7534924.266	4648867.004	267	7535069.254	4648894.621	298	7535361.495	4649755.333
237	7534927.787	4648870.487	268	7535073.336	4648892.766			

Површината на Градска Четврт Ј07 изнесува **136.02ха**, а во рамки на регулацискатa линија има површина од **131.44ха**.

2. Основа за изработување на деталниот урбанистички план

Основа на изработка на **Детален урбанистички план Градска Четврт Ј 07 – Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје** се параметрите зададени со изработените урбанистички планови од повисоко ниво, односно изводот од ГУП на Град Скопје, плански период 2012-2022г.

Изработувањето и донесувањето на деталниот урбанистички план да биде во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20, 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23), како и со другата релевантна законска и подзаконска регулатива.

3. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина

За просторот кој е во границите на опфатот на Градската четврт Ј 07 дефинирана со ГУП на град Скопје (2012-2022) односно за **Детален урбанистички план Градска Четврт Ј 07 – Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје** во моментот на изработка на планската програма нема важечки детални урбанистичко плански документации, но важно е да се образложи историјатот на планирање на просторот со цел да се увиди развојот на локацијата низ периодот од изминатите четири децении. Преку планските решенија на претходните плански документации и нивното спроведување и реализација, веќе се поставени основните смерници за развојот на урбаните јадра во опфатот, дефинирани се наменските зони и видот на градби и реализирани се секундарни сообраќајни мрежи и инфраструктурни системи. Преку анализата на сите претходно донесени урбанистичко-плански документации ќе се увидат можностите за иден просторен развој на Градската четврт Ј 07 (реоните Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара).

Урбанистичкото планирање започнува со ОУП на град Скопје – измени и дополнувања од 1985 година, на чиј основ во следниот период се изработени следните детални урбанистички планови:

- Детален урбанистички план Долно Водно, Одлука бр. 07-180 од 30.03.1999;
- Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за населба „Долно Водно“ од 2001 година, Одлука бр. 07-1131/1 од 23.06.2004;
- Детален урбанистички план за населба „Старо Водно“, од 1998, Одлука од 1999;
- Детален урбанистички план за населба „Старо Водно“, од 1999, Одлука бр. 07-545/1 од 24.05.2001;
- Детален урбанистички план за населба „Старо Водно“ дел 1/М1, М2, М3, М4, М5, од 2002, Одлука бр. 07-467/1 од 18.02.2005;
- Детален урбанистички план за населба „Цвеќара“ од 1990;
- Детален урбанистички план за населба „Цвеќара“ од 1998, Одлука бр. 07-464 од 28.06.1999;
- Детален урбанистички план за населба „Капиштец“ од 1998;
- Детален урбанистички план за населба „Капиштец“ од 2000, Одлука бр. 07-546/1 од 24.05.2001.

Детални урбанистички планови усогласени со ГУП на град Скопје 2002-2022 (кои важеле за истиот опфат пред донесувањето на ДУП Градска четврт Ј 07 - локалитет Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара):

- Изменување и дополнување на Детален урбанистички план населба Капиштец, 2004-2009, Одлука бр. 07-337/1 од 26.02.2004;
- Изменување и дополнување на Детален урбанистички план населба Капиштец, 2012-2017, Одлука бр. 07-9816/6 од 21.12.2012;

- Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Урбан блок А Завод за медицинска рехабилитација Урбан модул 3, 2007-2012, Одлука бр. 07-496/2 од 10.03.2008;
- Изменување и дополнување на Детален урбанистички план „Старо Водно“, 2011-2016, Одлука бр. 07-8460/2 од 13.11.2012;
- Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за населба „Долно Водно“, 2011-2016, Одлука бр. 07-2780/22 од 05.04.2012;
- Изменување и дополнување на Детален урбанички план за населба Долно Водно дел од блок 5 и блок 7, 2012-2017, Одлука бр. 07-10029/14 од 27.12.2012;
- Детален урбанистички план локалитет „Мало Курило“, 20042-2009, Одлука бр. 07-1348/1 од 29.07.2004;
- Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Мало Курило, 2012-2017, Одлука бр. 07-7015/32 од 25.09.2012;
- Детален урбанистички план за населба Цвеќара, 2011-2016, Одлука бр. 07-7015/30 од 25.09.2012.

Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 07-локалитет Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара (Одлука бр. 07-4414/4 од 18.07.2014) е усогласен со ГУП на град Скопје 2012-2022.

Планскиот опфат граничи со следните важечки урбанистички планови:

- Детален Урбанистички План за Градска Четврт Ј06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар, Одлука број 08-5980/6 од 10.12.2019г;
- Изменување и дополнување на детален урбанистички план "Тасино Чешмиче 1" Општина Центар, Одлука број 07-4414/6 од 18.07.2014г;
- Детален урбанистички план Градска четврт Капиштец локалитет "Клинички блок", Општина Центар, Одлука број 07-6530/10 од 13.09.2012г;
- Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет "Буњаковец 1" УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, Општина Центар, Одлука број 07-3625/14 од 10.05.2012г;
- Детален Урбанистички План Градска Четврт Ц 06, стара железничка станица, Општина Центар - Скопје, Одлука број 8-3381/8 од 20.07.2023;
- Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар, Одлука број 8-3381/8 од 20.07.2023;

4. Специфични потреби и можности за просторен развој на подрачјето во рамки на опфатот

Организацијата и планирањето во границите на опфатот на деталниот урбанистички план треба да бидат во насока на усогласување на состојбата на терен од аспект на изграден градежен фонд и инфраструктурни и сообраќајни системи, со планските одредби и дозволените параметри од Изводот од ГУП на Град Скопје (2012-2022) и новонастанатите промени во законската и подзаконската регулатива во урбанистичкото планирање, а притоа да се овозможи реален развој на просторот за планскиот период. Просторот во рамките на опфатот е разработуван со повеќе урбанистичко плански документации со кои се разработувани помали урбани целини во градската четврт за различни плански периоди во кои значително се разликува пристапот кон планирањето во зависност од природните и создадените чинители со кои се одликуваат и во зависност од законската и подзаконската регулатива која била на важност во моментот на нивната изработка.

Преку анализата на постојната состојба на терен и историјатот на планирање на просторот евидентирани се повеќе поважни природни и создадените чинители, за кои треба да се прибаваат дописи со претходни услови од соодветни надлежни институции и за кои е важно да се предвидат мерки за заштита и обврски кои треба да се почитуваат при спроведувањето и реализацијата на планскиот документ.

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат геолошките, геомеханичките, педолошките, геофизичките, сеизмичките, хидрометеоролошките, хидролошките, климатските, географските, шумарските, еколошките, податоци за заштитените природни блага и други податоци за природните чинители. Карактеристични природни чинители за планскиот опфат се:

- Топологијата на теренот е една од главните одлики на просторот во границите на планскиот опфат, од која директно зависи начинот на планирање, поставеноста на градбите во просторот и нивелетските коти на уличните мрежи. Теренот се одликува со големи висински разлики во правец од југ кон север и котата на теренот се движи помеѓу највисоката точка на кота 399.56 мнв во подножјето на планината Водно до најниската на постојната кота на Булевар Теодосиј Гологанов 250.0 мвн. Задолжителна мерка за заштита и спасување која треба да се разработи во планската документација е опасноста од ерозија.
-
- Поради поставеноста во подножјето на планината Водно која има богато сливно подрачје, во локалитетот има евидентирани повеќе нерегулирани повремени водотеци, заведени и во катастарска евиденција со култура долови и други истечни води, за кои во согласност со барањата на надлежните субјекти во чија надлежност се, треба да се предвиди соодветен третман на водите и да се утврдат задолжителни мерки за заштита.

- При посета на терен евидентирани се простори лоцирани на тешко пристапен терен со големи висински разлики, покриени со неуредено високо и ниско зеленило и архаични тревни површини, а дел и се заведени во катастарска евиденција со култура шуми. Се препорачува ваквите неуредени зелени површини да се планираат во наменски зони со заштитно зеленило, сметајќи дека нема можност за изведба на отворени спортски терени и нема економска оправданост за изградба на комунална инфраструктура и сообраќајна мрежа за пристап.

Податоците за создадените чинители се релевантни за состојбите во просторот и за просторниот развој, како што се: архитектонско-градежните, демографските, станбените, економските, социјалните, културните, здравствените, образовните и спортско-рекреативните чинители, како и податоците за заштитеното културно наследство, податоци за урбано зеленило од зелениот катастар, податоци за вид и степен на загадување на животната средина, водостопанските, електроенергетските, сообраќајните, телекомуникациските, другите инфраструктури и други податоци од значење за создадените чинители. Евидентирани се следните создадени чинители во опфатот:

- Планскиот опфат во јужниот дел навлегува во границите на Парк Шума Водно според Студиите за валоризација на заштитеното подрачје Парк-Шума „Водно“, првата изработена во 2009 година и нејзина ревизија во декември 2019 година. Границата на Градската четврт Ј 07 се преклопува со границата на предлог Зоната за одржливо користење на Парк Шума Водно, на површина од приближно 18ха. При изработа на планската документација ќе треба да се почитуваат насоките за планирање и мерките за заштита во оваа зона.

- Поради поставеноста на подножјето на планината Водно во локалитетот има евидентирани повеќе изведени регулирани отворени и затворени канали за одводнување, кинети како и попречни објекти - прагови за намалување на кинетичката енергија и за задржување на наносот, заведени и во катастарска евиденција со култура канали, за кои во согласност со барањата на надлежните субјекти во чија надлежност се, треба да се предвиди соодветен третман и да се утврдат мерки за заштита.

- Дел од пороите кои се евидентирани се притоки на река Вардар директно или системски преку одводни канали. На секој од пороите се направени канали. Пороите во Скопје се групираат во главни система: западен, централен и источен, а се оставени самостојни крајните порои - Нерешки порој и Припорски порој. Централниот систем ги колектира водите од Горнодоњаски порој но има и крак од пороите Капиштец-Козле кој се влева во главниот канал, а оттука во Вардар. Поплавните води од 3 пороја на Централниот систем се колектираат во еден систем, прво отворен, а потоа по Булевар Мајка Тереза во затворен систем. Водите од горниот и делумно од средниот дел на сливот на појот Муртинец со девијација се пренасочени во сливот-коритото на Горно Водњански порој. Во долниот дел на сливот, појот Муртиец со канал се спојува со Горноводњански порој во кинета, па отука заеднички, кај полициската станица „Водно" се спојуваат со западниот крак на Горноводњански порој „Мартини брдо". Од спојот, низводно, на мало растојание (50-60м) течат низ отворен, а потоа започнува затворениот систем, кој поминува покрај левата страна на Булевар Мајка Тереза.

- Во границите на опфатот има повеќе изведени постојни градби со намена В јавни институции и евидентирани државни институции кои егзистираат во постојни градби со друга намена како амбасади и резиденции. При изработка на планската документација, потребно е да се почитуваат границите на наменските зони од Изводот од ГУП на Град Скопје (2012-2022) и границите на катастарските парцели кои се опфатени и да се прибават позитивни мислења од соодветните надлежни институции. Поважни евидентирани градби со намена јавни институции:

- Градбата на Резиденцијата на Претседателот на РСМ, каде е и неговото официјалното работно место, посебни работни простории за неговите служби и простории за состаноци и приеми;

- Во рамките на опфатот егзистираат повеќе амбасади и резиденции на држави како Република Србија, Република Полска, Република Кина, Република Чешка, Република Украина, Европска Унија и други.

- Евидентирани се постојни скривници изградени за засолнување во случај на елементарна непогода или војна на улица Загребска во подножјето на планината Водно. При планирањето е потребно да се потврди нивната точна локација со надлежните институции и согласно катастарката евиденција да се планира во наменска зона со заштитно зеленило.

- Заводот за рехабилитација на деца и младинци – Скопје е Јавна установа, дел од мрежата на Јавни установи од социјален карактер која организира услуги на вон-семејна заштита за лица со попреченост: услуга на сместување и услуга на живеење со поддршка, како и услуги во заедницата односно дневен престој и одмена на семејна грижа за лица со попреченост. Во рамки на својата дејност установата реализира и активности кои се однесуваат на превенција и рана интервенција кај лица со попреченост. Во зависност од потребите, установата за корисниците на услугите обезбедува рехабилитација, третман, пристап до образование, стекнување на животни вештини, работно оспособување и професионална рехабилитација, поддршка при вработување, социјални, културни и рекреативни активности. Во рамките на комплексот е евидентирана една од поголемите неуредени зелени површини во рамките на планскиот опфат и потребно е да се планираат насоки за уредување со содржини и елементи од урбана опрема.

- Центарот за ортотика и протетика Славеј ад Скопје чија градба е во рамките на опфатот е компанија која е формирана во 1949 година, со цел да ги опреми со ортопедски помагала телесно инвалидизираните лица жртви од последиците на Втората светска војна.

- Агенција за вработување на Република Македонија (АВРМ) поранешен Завод за вработување, е јавна установа која врши стручни, организациски, административни и други работи што се однесуваат на вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност и обезбедува поддршка, помош и услуги за учесниците на пазарот на трудот.

- Постојното Државно средно училиште за рехабилитација и образование „Св.Наум Охридски" – Скопје отворено во 1966 година како Центар за професионална рехабилитација на инвалидизирани лица – Скопје. До 1970 година, наставата се одвивала во помошни монтажни бараки, но потоа е изграден постојниот објект со ученички дом и работилници. Со промените во законската регулатива од учебната 1982/83 година Центарот е верифициран како училиште за стручно оспособување на ученици со посебни образовни потреби под називот Центар за рехабилитација и образование „Македонија" – Скопје се до 1994 година кога е преименуван во Државно средно училиште.

- Јавна установа Детски дом 11 Октомври-Скопје е установа која врши сместување на деца без родители и родителска грижа, дава основна заштита, 24-часовна помош и поддршка од стручни лица, облека, храна и здравствена заштита.
-
- Постојното Општинско Основно Училиште „Киро Глигоров" – Скопје е ново изградено училиште во 2019г.

- Постојното Општинско Основно Училиште „Кочо Рацин“ – Водно е постојно училиште за кое при формирањето на наменската зона со ГУП на Град Скопје (2012-2022) не е почитувана катастарската евиденција и дел од постојната градба и дворно место се планирани во примарна сообраќајна мрежа. При изработка на планската документација потребно е максимално да се почитува законската регулатива, кога предмет е густо изградено подрачје со вреден и неамортизиран градежен фонд за кој не постојат економски претпоставки дека ќе биде експроприран и рушен поради проширување на сообраќајните коридори, треба да се одредат посебни мерки за ограничување на одредени типови на возила, режим на сообраќај, брзини на движење и за посебни мерки за безбедност во сообраќајот, како и да се сообрази и ограничи градењето односно просторниот развој поради невозможност за соодветно проширување на уличната мрежа.

- Постојни детски градинки во рамките на опфатот се Јавна установа Детска градинка ОЦ Кочо Рацин и Детска градинка Бели Мугри – Кочо Рацин.

- Постојниот комплекс на градби Православен Богословски Факултет „Свети Климент Охридски” – Скопје и црквата Свети Јован Крстител. Факултетот е основан во 1977 година, десет години од возобновувањето на Македонската православна црква (1967-1977).

- Во рамките на опфатот има делумно изведена примарна улична мрежа и евидентирана е изведена секундарна мрежа која на делови кон јужниот дел на опфатот со несоодветни нивелети и делови кои треба соодветно да се испланираат во рамките на дозволените сообраќајни правила и димензии на елементи на сообраќај. Со новонастанатата измена на законската и подзаконската регулатива значително се разликуваат минималните пропишани сообраќајно технички елементи и во деловите каде има повисок степен на реализација на претходната планска документација ќе треба да се уредуваат сообразно со специфичните просторни услови и економски можности на подрачјето и општината;

- Во рамките на опфатот има изведени отворени јавни паркинг простори и изведени катни гаражи кои треба да се земат во предвид при планирањето на сообраќајните системи и да се дефинира нивниот капацитет и кого опслужуваат;

- Во границите на опфатот се евидентирани поважни постојни инфраструктурни градби кои се дел од градски инфраструктурни системи (резервоари, мерни станици) и планирани локации за изведба на нови резервоари и препумпни станици и други градби од таков вид, за кои во согласност со барањата на надлежните субјекти во чија надлежност се, треба да се предвиди соодветен третман и да се утврдат мерки за заштита при изработка на планската документација;

Детализниот урбанистички план претставува основен развоен документ и има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето,
- максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот,
- оформување препознатлива амбиентална целина,
- почитување и заштита на правото на човекот на работа,
- почитување и надградување на пејсажните вредности,
- оформување културен пејзаж,
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,
- подигнување хуманоста во просторот и непречено движење на хендикепираните
  лица,
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,
- вградување мерки за заштита и спасување,
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- почитување на законските прописи за дадената намена,

да ги утврди параметрите и насоките за изработка на соодветна Урбанистичко Планска и Проектна документација од пониско ниво, согласно важечката законска регулатива, кои ќе се изработуваат согласно од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20, 111/23), како и да ги пропише општите и посебни услови за градење, преку параметри кои се потребни за изработување соодветна понатамошна проектна документација за изградба.

При планирање на сообраќајната инфраструктура потребно е да се почитува планираната улична мрежа со ГУП на Град Скопје (2012-2022) за Четврт Ј 07, и на истата да се надоврзе секундарна улична мрежа и отворени јавни паркинг простори кои се планирани со важечките Детални урбанистички планови за локалитетот. На тој начин ќе се обезбеди непречено одвивање на сообраќајот во рамките на планскиот опфат и ќе биде обезбеден сообраќаен пристап до сите планирани градежни парцели. Обврската да се реализира пристап до секоја градежна парцела да е во корелација со принципот на интерполација на урбанистичките стандарди, со цел да се постигне најрационално решение и реална реализација.

Потребно е да се пристапи кон планирање на одржлива урбана мобилност, што претстава нов концепт за планирање на урбаниот транспорт во кој се применуваат постојните практики на планирање, но се вклучуваат и принципите на партиципација, интеграција и евалуација. Планирање кое ќе се базира на визија и со фокус на луѓе и места и чија примарна цел е обезбедување пристапност и квалитет на живот.

Обезбедување на доволна површина во средината од секоја единица на соседството со неизградена земја на која ќе може да се подигне зелена инфраструктура од парковски тип, како и заштитно зеленило и урбана опрема;

Планирање на соодветна инфраструктура и комунална супраструктура со која непречено ќе се опслужуваат сите планирани содржини во просторот и задоволување на потребите на крајните корисници на просторот до мерка до која нема да се загрози општото добро. Снабдувањето со вода, одводот на отпадните води треба да се предвиди во сепарационен систем на канализација (атмосферска и фекална), согласно со планираните параметри за водоводната и канализациската мрежа. За снабдување

со електрична енергија ќе се користат постојните трафостаници и ќе се предвидат и локации за нови трафостаници доколку има потреба, а во согласност со барањата на надлежните субјекти.

Просторниот развој треба да цели кон хармонизација на просторот, што треба да се уреди со посебните плански одредби. Планирањето на големината на градежните парцели, површините за градба, висините на градбите, процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, одредување на минимален процент (на ниво на градежна парцела) на зелениот фонд со уредување на дворните места околу градбите, одредувањето на потребен број места за паркирање како и останатите урбанистички параметри да бидат во согласност со важечките стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, но одредени според специфичноста на планскиот зафат.

При изработување на Детален урбанистички план Градска Четврт Ј 07 – Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје, да бидат почитувани сите податоци, информации и мислења добиени од органите на државната управа и другите субјекти.

5. Општи и посебни цели на планирањето и програмските содржини што треба да бидат предмет на планирањето.

1.1 Општи цели

Основна цел на изработувањето и донесувањето на **Детален урбанистички план Градска Четврт Ј 07 – Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје** е усогласување на планските одредби за реализација на просторот со условите зададени со Генералниот урбанистички план на Град Скопје (2012-2022 за Четврт Ј07, важечките соседни детални урбанистички планови, како и налог за работа од страна на Општина Центар.

Со изработка на деталниот урбанистички план треба да се овозможи планско решение за планираните градежни парцели, нивната функционалност, диспозиција и капацитетот и максимално користење на просторот од сите аспекти. Сето ова, усогласено со анализата која произлегува од согледувањето на сите аспекти од постојната состојба во важечките плански документации кои го третираат планскиот опфат, овозможува дефинирање на основни поставки и цели на планската програма.

Цел на деталниот урбанистички план е и дефинирање на рационална сообраќајната (секундарна) инфраструктура-улична мрежа и пристапи до единиците на градежното земјиште, формирани во рамките на планскиот опфат.

Важна цел на планот е и создавањето на подобри услови во обезбедувањето на комуналните стандарди од областа на водоснабдувањето, одведувањето на отпадни води, снабдувањето со енергија, електронските комуникации и сл.

1.2 Посебни цели

Посебните цели на деталниот урбанистички план произлегуваат од потребата предметниот блок да обезбеди концептуални урбанистички претпоставки за метрополитенско домување комбинирано со линиски комерцијални и деловни функции од највисок стандард:

- одржливоста на планираните структури треба да се обезбеди со принципите на компактниот град, што подразбираат помал процент на изграденост што ќе се постигнува со повисоки градби со помало зафаќање на земјиштето под објект,

- високиот еколошки стандард на планираниот блок треба да обезбеди физичко и просторно продирање на зелените инфраструктури од градскиот парк длабоко во средиштата на сите единици на соседство,

- планските одредби треба да овозможат висока флексибилност во реализацијата на планот со употреба на инструментите на алтернативност, компатибилност и комплементарност за обезбедување на метрополитенска диверзификација на намените, и

- доколку е потребно, а за остварување на флексибилноста и физибилноста на деталниот урбанистички план, обезбедување на детална регулација и парцелација на просторот што ќе го употребува инструментот на рамковни површини за градење и заштитни максимални урбанистички параметри, додека деталното планирање на внатрешните простори на градежните парцели – заедно со идејните проекти за градбите – ќе се уреди со урбанистички проект.

- при изработка на плановите од пониско ниво важат општите услови од ГУП на град Скопје (2012-2022) (Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012г).

1.3 Програмски содржини

Со зададените „Урбанистички параметри и посебни услови за градење и режим на користење на земјиштето и градбите за градска четврт Ј07“, во Изводот од ГУП на Град Скопје (2012-2022), во табеларен приказ подробно се опишани процентуалните учества на поединечните намени. Наменските зони согласно параметрите зададени со изводот од план од повисоко ниво ќе бидат со основни намени кои припаѓаат на следниве групи на намени:

А Градби за домување и престој на луѓе
Б Комерцијални и деловни намени
В Јавни институции
Д Зеленило, рекреација и меморијални простори
Е Инфраструктури

Во Изводот од ГУП на Град Скопје (2012-2022) има денинирани ознаки за пиктограми чии намени треба да се почитуваат при изработка на планската документација. Во опфатот има пиктограми за две градинки, основно образование, средно образование, секундарно ниво на здравствена заштита, терциерно ниво на здравствена заштита, организации за социјална заштита.

Работен тим:

- Бојан Муличковски, д.и.а. овластување бр.0.0070 планер потписник
- Меланија Калајџиска, д.и.а. овластување бр.0.0617 планер

1. Извод од ГУП на Град Скопје (2012 – 2022)

ГРАД СКОПЈЕ
СЕКТОР ЗА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ
НА ПРОСТОРОТ

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 326

ДО:
„Билд Урбан“ ДООЕЛ
Бул.„Илинден“ бр.107/13
- Скопје

Наш број: 13 -5/22.
09.03.2022 год
Скопје

Ваш број: 0801-149/22.
07.03.2022 год
Скопје

Предмет: ИЗВОД ОД ГУП

Почитувани,

Во Град Скопје Сектор за планирање и уредување на просторот, Одделение за просторно и урбанистичко планирање, доставено е Вашето барање број 13-5/22 од 07.03.2022 год. за извод од Генералниот урбанистички план (ГУП Скопје 2012-2022 година) на Град Скопје за опфат/локалитет:

- **Градска четврт J 07.**

